Врз основа на член 128 став 1 алинеја 4 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија" бр.114/06) министерот за внатрешни работи донесе

# УПАТСТВО ЗА НАЧИНОТ НА РАБОТА НА ЗДРАВСТВЕНАТА КОМИСИЈА ЗАДОЛЖЕНА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПСИХОФИЗИЧКАТА И ЗДРАВСТВЕНАТА СПОСОБНОСТ НА ПОЛИЦИСКИОТ СЛУЖБЕНИК ЗА ВРШЕЊЕ НА ПОЛИЦИСКИ РАБОТИ

Член 1

Со ова упатство се пропишува начинот на работа на здравствената комисија задолжена за утврдување на психофизичката и здравствената способност на полицискиот службеник за вршење на полициски работи (во натамошниот текст: здравствена комисија).

Член 2

Психофизичката и здравствена способност на полицискиот службеник за вршење на полициски работи ја оценува здравствената комисија врз основа на лекарски преглед и медицинска документација која се состои од: наод и мислење на здравствената комисија; лабораториски, стоматолошки, интернистички, неуропсихијатриски, офталмолошки, оториноларинголошки, хируршки, ортопедски, психолошки наод; како и гинеколошки наод, за лица од женски пол.

Доколку здравствената комисија утврди дека за конечна оцена е потребно да се извршат дополнителни здравствени прегледи, може кандидатот да го упати во соодветна здравствена установа.

Член 3

Здравствената комисија го оценува полицискиот службеник како:

- способен или
- неспособен за вршење на полициски работи во Министерството за внатрешни работи (во натамошниот текст: Министерство) и своето мислење го доставува до надлежната организациона единица на Министерството.

Здравствената комисија ќе оцени како неспособен полициски службеник кај кого ќе утврди болести, состојба, повреда или нивна последица, односно телесен недостаток кој е пречка за успешно извршување на полициските работи во Министерството или кога постои комбинација на повеќе контраиндикации кои сами по себе не се пречка за успешно извршување на полициските работи во Министерството.

Член 4

Здравствената комисија може да решава за неспособност на полициски службеник за вршење на полициските работи, врз основа на предлог за поведување на постапка за утврдување на неспособност на полициски службеник за вршење на полициските работи поднесен од страна на полицискиот службеник, Министерството, медицинската установа што го лекувала полицискиот службеник или Фондот за здравствено осигурување чиј осигуреник е полицискиот службеник.

Со предлогот за поведување на постапката за утврдување на неспособност на полициски службеник за вршење на полициските работи се доставува медицинската документација и други докази, особено за возраста, како и за пензискиот стаж на полицискиот службеник.

Член 5

Здравствената комисија во постапката за утврдување на неспособност на полициски службеник за вршење на полициските работи решава во полн состав, со мнозинство гласови.

Член на здравствената комисија може да издвои мислење кое го образложува писмено.

Член 6

Доколку медицинската документација дава можности да се заклучи дека постои неспособност на полицискиот службеник за извршување на полициски работи, односно доколку здравствената комисија оцени дека е завршено лекувањето на полицискиот службеник, од страна на претседателот на здравствената комисија се определува денот на непосредниот преглед, се упатува покана за преглед на полицискиот службеник и се известува истовремено и подносителот на предлогот.

Претседателот на здравствената комисија може да го врати предлогот за поведување постапка со забелешки и упатства за дополнување на медицинската документација и доказите од член 4 став 2 на овој правилник.

Претседателот на здравствената комисија може да го врати предлогот за поведување постапка кога смета дека треба да се продолжи со лекувањето на полицискиот службеник и во тој случај дава упатство за натамошно лекување на полицискиот службеник.

Член 7

Кога полицискиот службеник ќе се јави на непосреден преглед, прегледот не започнува додека претседателот на здравствената комисија не ги запознае членовите на здравствената комисија со неговата медицинска документација.

Непосредниот преглед го вршат лекарите што се во состав на здравствената комисија, секој од својот домен на експертиза, без присуство на другите членови на здравствената комисија.

По извршениот непосреден преглед претседателот ги запознава членовите на здравствената комисија кои не присуствувале на прегледот со анамнезата и причините за заболувањето или повредата, времетраењето на привремената неспособност за работа, видовите на лекувањата, резултатите од извршениот преглед и утврдената здравствена состојба и евентуалните телесни оштетувања, како и со прогнозата на здравствената состојба на полицискиот службеник.

Член 8

Здравствената комисија ја утврдува неспособноста на полициски службеник за вршење на полициските работи со наод за утврдена неспособност кој се потпишува од страна на претседателот на здравствената комисија.

Пред донесувањето на наодот од став 1 на овој член, здравствената комисија врши увид во медицинската документација за лекувањето на полицискиот службеник и врши непосреден преглед на полицискиот службеник.

Здравствената комисија може, по исклучок, да донесе наод и само врз медицинската документација кога полицискиот службеник се наоѓа на подолго лекување во здравствена установа или во својот стан, како и кога полицискиот службеник не ќе се јави на поканата за непосреден преглед, а од медицинската документација може да се утврди неспособноста за работа.

Здравствената комисија може да врши непосреден преглед на полицискиот службеник и во неговиот стан, како и во медицинската установа, ако тоа го допушти медицинската установа.

Член 9

Наодот за утврдената неспособност од страна на здравствената комисија се доставува на полицискиот службеник и на Министерството, како и на медицинската установа, односно Фондот за здравствено осигурување доколку од нив е доставен предлог за поведување на постапката за утврдување на неспособност на полициски службеник за вршење на полициските работи.

Член 10

Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 11.11.2007 година.

Бр.131-34855/1
23 мај 2007 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска**, с.р.